Почитуван Г-не Градоначалник,

Ви пишуваме како претставници на здружението за заштита на животни Втора Шанса од Кочани. Нашето здружение е прво и единствено од ваков тип во нашиов град со надеж дека ќе постигнеме резултати за целта поради која сме формирани. Затоа решивме да ви се обратиме Вам за изнајдување решение за проблем, со кој се чини сме засегнати двете страни, и ние како Здружение, и Вие како носител на функцијата Градоначалник на нашиот град.

Почнувајќи од претходната седмица, поточно од четвртокот 06.03.2014 год., имавме неколку дојави од наши сограѓани дека на поголема територија во нашиов град, има расфрлано отров , а со цел труење на кучиња и мачки кои немаат сопственици. Со ваквата постапка, според дојавите кои ни пристигнаа, биле отруени поголем број кучиња и мачки, како такви кои немале, и онакви кои имале сопственици.

Имајќи предвид дека расрфлувањето отров претставува опасност по животот и здравјето како за животните така и за луѓето, Ние како здружение за заштита на животните сме згрозени од таквиот громорозен чин и истиот силно го осудуваме. Свесни сме дека оние кои се занимаваат со труење на овие животни, тешко се фаќаат на дело за да би имале доволно докази како случај/-и би доспеале на суд, па затоа решивме да се обратиме до вас како би изнашле заедничко решение во врска со оваа проблематика. За жал веќе се одземени неколку невини животни, но должни сме да им помогнеме на останатите. Се надеваме дека ќе наидеме на заедничко разбирање и соработка за да би го решиле ваквиот проблем, како во иднина не би се повторил ваков немил настан.

Примарна цел ни е обезбедување место/простор каде би ги згрижувале и третирале повредените животни, зашто додека се на улица еден третман не може да се покаже како успешен, или уште полошо би дошло до смрт на одредено животно поради несоодветна грижа. До денес, животните на кои им укажуваме помош, ги сместуваме на наши приватни имоти, кои и не се толку соодветни за таква намена, но вршат работа во одредена ситуација. Дел од нив успеваме да ги вдомиме, дел ги враќаме на улица. Би сакале да можевме да им најдеме постојан дом на секое од нив, имајќи предвид дека на улица повторно се во опасност поради одредени постапки од страна на несовесни граѓани, со што нашиот вложен труд и парични средства кои ги скратуваме од нашиот домашен буџет поради отсуство на донации паѓаат во вода. Понатаму, планираме да најпрво ги стерилизираме животните од женски пол, а потоа и ги кастрираме оние од машкиот, со што би дошло до намалување на бројот на бездомните животни. Затоа, Ве замолуваме, доколку е возможно, ни обезбедите такво соодветно/необработливо земјиште или место/простор кои не се во употреба, а се во сопственост на општината, а нам многу би ни користело. На тој начин проблемот со бездомните животни би бил решен, а воедно и ќе ја покажете Вашата хуманост, зашто да се биде хуман е најголема одлика на човекот. Да им помогнеме на оние на кои најмногу им е потребна нашата помош. И животните имаат потреби и чуства. И тие се родители и нечии деца. Тие не можат да зборуваат, но ако се загледаме во очите на било кое животно, тој поглед кажува многу повеќе отколку што сме можеле да претпоставиме.
Ви Благодариме!

Со почит,
ЗЗЖ ВТОРА ШАНСА

М.П.

Здружение за заштита на животните ВТОРА ШАНСА Кочани

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Благица Митева